Уп. бр. 08-171

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на „Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Бонд УК МидЦо 4 Лтд, со регистрирано седиште на 47 Еспланаде, ул. Хелиер, Џерси, ЈЕ1 ОБД, доставено преку Јосиф Филиповски, адвокат од Скопје на седницата одржана на ден 24.12.2025 година, го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е

1.Се утврдува дека концентрацијата со која друштвото Бонд УК МидЦо 4 Лтд, со седиште на 47 Еспланаде, ул. Хелиер, Џерси, ЈЕ1 ОБД, ќе стекне единствена контрола директно над БАСФ Оператинг Дивизион Коатингс со седиште на Карл-Бош-Страсе 38, 67056 Лудфигсхаген, Германија, по пат на купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/1184/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 26.11.2025 година, а дополнето на ден 10.12.2025 година и 12.12.2025 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од страна на друштвото друштвото Бонд УК МидЦо 4 Лтд, со седиште на 47 Еспланаде, ул. Хелиер, Џерси, ЈЕ1 ОБД, со кое Бонд УК МидЦо 4 Лтд ќе стекне единствена контрола

директно над БАСФ Оператинг Дивизион Коатингс со седиште на Карл-Бош-Страсе 38, 67056 Лудфигсхаген, Германија, по пат на купопродажба на удели.

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

**-Бонд УК МидЦо 4 Лтд** е специјално основано друштво за аквизиции, индиректно во сопственост на CP VIII Participations S.à r.l., SICAR и CAP VI Masterco Sàrl, кои се фондови советувани и/или управувани од поврзани друштва на The Carlyle Group Inc. (заедно со своите контролирани фондови и поврзани субјекти, во понатамошниот текст наречени „Carlyle“ или „Група на стекнувачот“).

Карлајл е глобална инвестициска фирма со 465 милијарди американски долари средства под управување, распределени во три деловни сегменти:

-Глобален приватен капитал (вклучувајќи корпоративни фондови за приватен капитал и фондови за недвижности);

- Глобален кредит (вклучувајќи ликвиден кредит, неликвиден кредит и кредит за реални средства); и

-Carlyle AlpInvest (вклучувајќи примарни, секундарни и ко-инвестиции, комбинирани фондови и посебно управувани сметки).

Карлајл има три регистрирани подружници во Република Северна Македонија и тоа:

**-Друштво за трговија и услуги ХСО ГЛОБАЛ СЕРВИЦЕС ДООЕЛ Скопје**, со регистрирана адреса на ул. Максим Горки бр.13/1-4, зграда 1 К.К2, Скопје – Центар, Република Северна Македонија и регистрирана дејност– Компјутерски консултантски услуги;

**-Друштво за развој и производство на софтвер МАК СИСТЕМ СОФТВЕР ДООЕЛ Скопје**, со регистрирана адреса на ул. Лондонска бр.1, Скопје – Карпош, Република Северна Македонија и регистрирана дејност– Други услуги поврзани со информатичка технологија и компјутери и

**-Друштво за производство, трговија и информатички услуги ДЕПТ ТЕХНОЛОЦИ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје**, со регистрирана адреса на ул. Максим Горки бр.13, кат 3 – Деловен центар Настел, Скопје – Центар, Република Северна Македонија и регистрирана дејност–Компјутерско програмирање.

**-БАСФ Оператинг Дивизион Коатингс** е германска јавно котирана хемиска компанија. Компанијата работи на глобално ниво преку шест различни сегменти: Хемикалии, Материјали, Индустриски решенија, Исхрана и грижа, Површински технологии и Агрикултурни решенија.

**БАСФ Коатингс** се состои од три различни деловни единици: (а) Третман на површини („ЕСТ Бизнис“); (б) Автомобилски ОЕМ премази („ЕСО Бизнис“); и (в) Автомобилски репаратурни премази („ECR Бизнис“).

Во Северна Македонија, БАСФ Коатингс е активна само преку деловните сегменти површинска обработка („ЕСТ”) и  автомобилски премази за репарација („ECR”). Во 2024 година, бизнисот ECR учествувал со околу 98% од приходите на БАСФ Коатингс во Северна Македонија, додека ЕСТ бизнисот остварил минимални приходи.

БАСФ Коатингс нема директни или индиректни подружници или филијали во Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 (б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Сиљановска Николиќ**

Со Заклучок бр. 08-[illegible] 2026 година
се врши исправка на технички грешки во
Решение УП бр. 08-[illegible] од 24.[illegible] 2025 година.

Бр: 08- 16

Скопје: 15.01.2026

Врз основа на член 28 став (1) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на „Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), и член 97 од Законот за општата и управна постапка („Службен Весник на Република Македонија” бр. 124/15 и 65/18), Комисијата за заштита на конкуренцијата, постапувајќи по Барањето бр.08-171 од 26.11.2025 година на Бонд УК МидЦо 4 Лтд, со регистрирано седиште на 47 Еспланаде, ул. Хелиер, Џерси, ЈЕ1 ОБД, застапувано од Јосиф Филиповски, адвокат од Скопје за исправка на очигледна техничка грешка во решение УП. бр.08-171/2025 од 24.12.2025 година, на седница одржана на ден 15.01.2025 година, го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

за исправка на технички грешки во решение УП бр. 08-171/2025 од 24.12.2025 година

1. Се врши исправка на технички грешки во решението УП бр. 08-171/2025 од 24.12.2025 година на Комисијата за заштита на конкуренцијата и тоа:

   -На страна бр.2 во пасус бр.12 од решението УП бр. 08-171/2025 од 24.12.2025 година, зборовите „Оператинг Дивизион Коатингс”, се заменуваат со зборот „СЕ”.

   -На страна бр.3 во пасусите со бр. 1, 2 и 3 од решението УП бр. 08-171/2025 од 24.12.2025 година по зборот „БАСФ” се додаваат со зборовите „Оператинг Дивизион”.

2. Во останатиот дел решението останува непроменето.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 24.12.2025 година Комисијата за заштита на конкуренцијата на седница донесе решение УП 08-171/2025 од 24.12.2025 година.

Во донесеното решение од страна на Комисијата за заштита на конкуренцијата при неговото пишување настанати се очигледни технички грешки во формулацијата на страна бр.2 во пасус бр.12 и на страна бр. 3 во пасусите со бр. 1, 2 и 3.
На страна бр.2 во пасус бр.12 наместо „БАСФ Оператинг Дивизион Коатингс“ треба да стои „БАСФ СЕ“ па оттука во наведениот пасус погрешно се наведени зборовите „Оператинг Дивизион Коатингс” наместо зборот „СЕ”. На на страна бр.3 во пасусите со бр. 1, 2 и 3 наместо

„БАСФ Коатингс“ треба да стои „ БАСФ Оперaтинг Девизион Коатингс“ па оттука по зборот „БАСФ“ потребно е да се додадат зборовите „Оперaтинг Дивизион”.

Согласно член 97 од Законот за за општата и управна постапка, органот има право да изврши исправка на вакви очигледни писмени и технички грешки, без притоа да се менува суштината на управниот акт. Овој заклучок има за цел само да ја отстрани таа нејаснотија и не влијае на основот за неговото донесување, ниту пак на содржината на првично донесеното решение

Како резулатат на горенаведеното, Комисијата за заштита на конкуренцијата одлучи како во диспозитивот на овој Заклучок.

Овој Заклучок има правно дејство од денот од кој има правно дејство решението на кое се врши исправка.

**Правна поука:** Против овој заклучок е дозволена тужба за поведување на управен спор.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Сиљановска Николиќ**